Почитувани членови на МНД-Битола, во прилог е Одлука на Управен одбор на МНД-Битола донесена на редовна седница на УО на МНД-Битола што се одржа на 01.09.2022 г.

**О Д Л У К А**

Член 1

Врз основа на член 54 и 59 од Статутот на МНД-Битола, Управниот одбор донесе Одлука за одржување изборно Собрание за избор на претседател, потпретседател, членови на Управен одбор, членови на Надзорен одбор, претседател и членови на Уредувачки Совет, претседател и членови на Етичка комисија на МНД-Битола за периодот 2022-2024 година.

Член 2

Изборното Собрание се подготвува и ќе се одржи согласно следниот роковник:

01.09.2022 г. Одлука за одржување изборно Собрание

07.09.2022 г. Известување на членовите на МНД-Битола за донесената одлука, роковникот и почеток на постапката за поднесување кандидатури за избор на претседател на МНД-Битола за периодот 2022 – 2024 година.

01.10.2022 г. Завршува постапката за прием и архивирање на кандидатурите за претседател на МНД-Битола за периодот 2022 – 2024 г.

Кандидатот за претседател на МНД-Битола има обврска да ги исполнува условите од Статутот на МНД-Битола, и во електронска форма на адресата на МНД-Битола mss.bitola@gmail.com да поднесе:

-Пријава за кандидатура

-Биографски податоци / CV

-Програма за работа и ресурси за реализација на програмата за периодот 2022 – 2024 г.

04.10.2022 г. Состанок на мониторинг комисија за текот на постапката за кандидидирање и утврдување на поднесени апликации согласно Статутот на МНД-Битола

10.10.2022 г. Свикување седница за изборно Собрание на МНД-Битола

18.10.2022 г. Изборно собрание на МНД-Битола (со протокол за заштита од Ковид-19)

Член 3

Одлуката да се објави на веб страницата на МНД-Битола.

01.09.2022 г. Македонско научно друштво-Битола

Проф. д-р Невена Груевска, претседател с.р.